Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2199
15.04.2026 год
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИ

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 41-та редовна седница одржана на 15.04.2026 година, расправајќи за потребата од измена и дополна на Статутот на ГД Гранит АД СКопје, согласно член 57 од Статутот на Друштвото, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Статутот на ГД Гранит АД Скопје

I.Во Статутот на ГД Гранит АД Скопје се врши измена и дополнување и тоа:

1. Се менува Член 69 став 1 кој гласи:

“Надзорниот Одбор има 4 (четири) члена.”

.
II. Се задолжува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на ГД„Гранит„ АД Скопје.

III.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 137 и 140 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор го поднесува овој предлог за измени и дополнувања на содржината на Статутот на ГД Гранит АД Скопје. Со измената се зголемуваат бројот на членови на Надзорниот одбор, со што Друштвото за остварување на целта на ефективно и ефикасно управување, како и заради обезбедувањето на потребните знаења, искуство и објективност на членовите на Надзорниот одбор за извршување на нивните функции, кое придонесува во подобрување на начинот на кој друштвото ја развива својата стратегија и начинот на кој се надгледува неговото работење, Управниот одбор предлага зголемување на бројот на членови на Надзорен одбор. Силни системи на контрола можат да му помогнат на друштвото да избегне непотребни ризици и да ја зголеми сигурноста на информациите што ги користат неговите органи на управување и акционерите кога донесуваат одлуки. Согласно наведеното Управниот одбор му предлага на Собранието да ја усвоеи Предлог Одлуката како во диспозитивот на истата.

Претседател на Управен одбор

Страшо Милковски

Доставено до:

-Собрание на акционери

-Сектор за ПКОР

-А р х и в а